**202617022607**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за супервизија на осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јули 2026 година.

Бр. 08-4821/1
21 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 79/2007, 8/2008, 88/2008, 56/2009, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 45/12, 64/12, 23/13, 188/13, 30/14, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 31/20, 173/22 и 3/25), во член 23 во ставот (2) зборовите: „во постојан работен однос во друштвото за осигурување” се заменуваат со зборовите: „во работен однос во друштвото за осигурување кој е регулиран со договор за уредување на односите меѓу друштвото и членот на органот на управување (менаџерски договор)”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.